RЄСТ СРЕДА 23 АПРИЛ 2008 235723

MUSEUMOFCO
NTEMPORARY
ARTSKOPJEM
УЗЕЈНАСОВР
ЕМЕНАТАУМЕ
ТНОСТСКОПЈЕ

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ-СКОПЈЕ

Ул. Самоилова бб. п.ф. 482, 1000 Скопје
тел. 02 311 77 34, 02 311 77 35; факс 02 311 01 23
ел.-пошта: moca@sonet.com.mk
www.msuskopje.org.mk www.aimc-macedonia.org

ЛИКОВНА УМЕТНОСТ



СОЊА АБАЏИЕВА

# Блокбастер изложба

**■ (Кон изложбата на Виктор Вазарели од колекцијата на Тибор Чепеи, МСУ, Скопје)**

*Во средината на шеесеттите во Париз бев сведок на антагонизмот меѓу новата фигурација и оптичката уметност. Во битката меѓу концептите на П. Рестани и В. Бенјамин, победи трендот на вториот. Од галериите во најелитните квартови во градот на светлината блескаа интригантните визуелни магии на Виктор Вазарели, потврдувајќи ја максимата дека името е знак.*

*Скопје има(ло) ретка можност да ги претставува ликовните великани во нивната еволутивна форма. Деновиве се отвори една таква изложба во Музејот на современата уметност - ретроспективата на унгарскиот уметник Виктор Вазарели (1908-1997). Бизарноста на фактот што еден колекционер - господинот Тибор Чепеи - успеал хронолошки, доследно и систематично да создаде збирка на графики и објекти од овој култен автор, ѝ дава посебен шарм на изложбата. И во недостиг (сè уште) на постојана поставка во МСУ, се создава одлична шанса за сите, а особено за младата генерација творци да остварат директен контакт со дел од историските вредности на светската авангарда. Оп-артистот Вазарели може да биде репер, инспирација, поттикнувач на идните уметници, дотолку повеќе што нашето време на мултимедијалност е резултанта на симбиозата меѓу уметноста и науката, а оптичката уметност токму тука ја закотвува стартната позиција.*

*Во импозантната бројка од 180 изложени дела (1930-1990) ги препознаваме авторовите парадигми: Малевич, Мондријан, Баухаус и воопшто конструктуивистите. Уште од триесеттите години, Вазарели знаел каде оди, имал јасен концепт по кој вертикално ќе се движи неговиот творечки дијаграм. Во почетокот, базичните формални карактеристики на овие творби - кругот и неговите деривати (елипсоиди) - ги претставува изолирано, а потоа ги комбинира со правите агли, квадратот и неговите изведеници (ромбови и ромбоиди). Во педесеттите години овие основни форми се трансформираат во раздвижени, тридимензионални структури на илузионистичка визуелна игра, што подоцна ескалира во вистинска физичка повеќедимензионалност (објекти-мултипли). Вертикалните и хоризонталните линеаризми ги динамизираат перспективите, создавајќи целуларни градби. Инсистирањето на мултиколорност уште повеќе го вжештува визуелниот и психолошкиот впечаток и ја вклучува димензијата на движење. Многу подоцна, во самиот почеток на шеесеттите години на минатиот век, помладите уметници ќе го формираат движењето оп-арт, земајќи го како пример, пред сè, творештвото на Вазарели.*

*Меѓу репродуктивните примероци од овој негов опус (сериграфии и мултипли), ретка можност за публиката е соочувањето со неговата извонредна слика ИОЛ (1952-1958) од колекцијата на МСУ Скопје. Ако некоја изложба треба да се види денес во Скопје, секако оваа е задолжителна, поради задоволството на окото и бодрењето на духот, но и поради едукативните квалитети и потенцијалниот креативен поттик. Доживувањето на поставката би било целосно, доколку ѝ се допуштел повеќе воздух, согласно нејзиниот карактер.*